# ВОСПИТАНИЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

## СПИСАНИЕ ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА

год. 5, бр. 8–9, Штип 2007–2008

# ВОСПИТАНИЕ

Списание за теорија и практика
Година 5, број 8-9
2007–2008 година

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

**За издавачот:**
Проф. д-р Саша Митрев

**Главен и одговорен уредник:**
Проф. д-р Блаже Китанов

**Редакциски одбор:**
Проф. д-р Блаже Китанов
Проф. д-р Емилија Петрова - Ѓорѓева
Д-р Снежана Јованова - Митковска
М-р Кирил Барбареев
М-р Трајче Стојанов
Доц. д-р Соња Петровска

**Компјутерска подготовка:**
Славе Димитров

**Лектор:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Тираж:**
500 примероци

Списанието излегува еднаш годишно

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

# ВОСПИТАНИЕ

## Списание за теорија и практика

Штип, 2007–2008

Год. 5 бр. 8-9

**Доц. д-р Соња Петровска**
**Педагошки факултет**
**Штип**

# ОРИЕНТАЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПЕДАГОШКО ОБРАЗОВАНИЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

## Вовед

Актуелноста на проблемот педагошко образование на родителите произлегува од утврденото значење на семејството во процесот на социјализацијата и воспитувањето на младите, односно од сфаќањето дека семејството е општествена микро - група која училиштето задолжително мора да ја ангажира како постојан и рамноправен соработник заради ефективно остварување на своите цели и задачи. Заради тоа, една од значајните воспитно-образовни активности на училиштето е советодавната работа со родителите на учениците. Суштината на оваа работа е проширување на родителската култура, односно давање основни информации за можните начини на поефикасно родителско воспитно-образовно делување и нивно поттикнување овие сознанија да ги применат низ непосредното живеење со своите деца.

Практиката покажува дека родителите својата воспитна работа со децата, свесно или несвесно, ја темелат врз сознанијата од бројни науки и научни дисциплини кои се занимаваат со проучување на човекот, неговиот развиток и заедниците во кои тој битисува. Богатата информираност не секогаш претставува гаранција дека тие оваа своја задача ќе ја исполнуваат успешно. Затоа е неопходно планско, систематско и целисходно педагошко образование на родителите, кое нема да претставува само инцидентна програмска активност туку процес втемелен на заедничкото верување во придобивките од меѓусебната поврзаност и градењето на споделени вредности во заедницата наречена семејство и училиште.

Врз основа на добиените сознанија од едно наше поопсежно истражување на проблемот, воспитниот статус на македонското семејство и училишната успешност на децата, успеавме, меѓу другото, да ги детектираме образовните потреби на родителите поврзани со извршувањето на нивната воспитно-образовна функција во семејството. Истовремено, за нас беа охрабрувачки сознанијата на бројни теоретичари и практичари кои говорат во прилог на можноста педагошки да се делува во доменот на семејното воспитание: „Семејството има мошне важна улога во воспитувањето на поединецот, но и односите во семејството и вкупниот квалитет на семејниот живот, се исто така „воспитливи“ феномени, тука постои можност за

едукација во функција на семејното воспитување преку примена на програми „воспитување како се воспитува". Во секое семејство постојат големи сили кои можат да се активираат за прифаќање на одговорност за перспективата на понатамошниот развој."[1]

Нашите истражувачки сознанија јасно укажуваат дека ефективноста на вклучувањето на родителите во образованието на нивните деца, а во тие рамки и ефективноста на нивното педагошко образование, во најголема мера, ќе зависи од подготвеноста на училиштето да ја напушти традиционалната парадигма од која се води, при конципирањето и реализирањето на ова училишно воспитно-образовно подрачје, а подразбира преферирање на следните ставови:

- родителите кои ретко го посетуваат училиштето не се грижат за училишната успешност на своите деца;
- родителите самоиницијативно треба да го посетуваат училиштето во кое учи нивното дете, па тие се првите кои треба да се грижат за своите деца;
- родителите кои се со ниско образовно ниво не можат да им помогнат на своите деца;
- не е толку вредно учителите да се трудат околу воспоставување на соработка;
- кон сите родители треба да се има еднаков пристап;
- родителската вклученост треба да се остварува по потреба;
- семејствата на нашите ученици имаат потполно право на приватност во смисла на неинформирање на училиштето за карактеристиките на семејниот контекст во кој живее ученикот (емоционален, социјален, педагошки).

И наместо традиционалниот приод (филозофија) втемелен на посочените ставови, училиштето треба да обезбеди ефективна вклученост на родителите, респектирајќи ја филозофијата на поттикнување на родителско - училишна соработка втемелена на ставовите:

- не е возможно сите родители подеднакво да го посетуваат училиштето, можеби таму не се чувствуваат добро, но тоа не значи дека не се грижат за своите деца;
- училишната иницијатива ги мотивира родителите да се вклучат во образованието на нивните деца, училиштето е институција задолжена за моделирање на овој процес;
- сите родители поседуваат потенцијал кој може да се искористи во подобрувањето на училишната успешност на децата;
- родителската вклученост задолжително резултира со напредок на детето на училишен план и ја интензивира соработката меѓу училиштето и локалната средина;

[5] Medić, S., Mateić, Đuričić, Z., Vlaović, Vasiljević, D., (1997), Škola za roditelje – Socio - edukativni program za porodicu, IPA, Filozofski fakultet, Beograd, стр. 8

- семејствата и родителите се секои за себе единствени (од различни аспекти), индивидуалниот пристап е задолжителен;
- родителската вклученост е процес и бара континуиран ангажман на училиштето.

## Методички карактеристики на Ориентационата програма за педагошко образование на родителите

*Користени искуства и сознанија*

Како појдовна основа во изработката на оваа програма ги користевме многубројните истражувачки факти, меѓу кои и нашите, позитивните искуства од веќе реализирани програми од овој тип, меѓу кои и нашето лично искуство и теоретските сознанија од навидум трите различни приоди во проучувањето на семејството: системски пристап, психологијата на целоживотниот развиток на поединецот и семејната андрагогија, кои говорат во прилог на потребата од педагошко образование на родителите.

***Иницијални претпоставки за педагошко образование на родителите***

Родителите поседуваат исключително голема воспитно-образовна моќ која може да се стави во функција на подобрување на училишната успешност на децата.

- Родителите можат да научат како да им помагаат на своите деца во активностите поврзани со училишниот ангажман.
- Родителите имаат силна желба, заинтересирани се и мотивирани се да придонесат на полето на образованието на децата.
- Родителите треба да бидат поттикнати за вклученост во воспитно–образовниот процес на нивните деца, во домот и во училиштето.
- Училиштето е институција која најдолг период од животот на децата е поврзана со нивните семејства.
- Училиштето е специјализирана воспитно-образовна институција, таа располага со стручен кадар кој активно може да се вклучи во педагошкото образование на родителите.
- Партнерството е услов за успешноста на ученикот и успешноста на семејството, училиштето и општеството.

*Програмски цели*

Развивање на родителската свест и способности за активна партиципација (вклученост) во воспитно-образовниот ангажман на децата во домот и училиштето, што подразбира:

- развивање на родителските способности за препознавање на сигналите и разбирање на пораките кои ги испраќаат децата до нив (позитивни, негативни);
- развивање на родителските способности за препознавање на детските потреби во чие задоволување нужно посредуваат возрасните;

- запознавање и усвојување на нови сознанија за патиштата и начините за делотворно и компетентно поучување на децата во техниките на учење;
- овладување со техниките на позитивно родителско однесување во процесот на поттикнување на учење и работа;
- запознавање со правата и обврските кои произлегуваат од партнерските односи со училиштето;
- запознавање, креирање и практикување на нови начини на активно партиципирање на родителите во училишниот живот.

*Очекувани резултати*

Очекуваните резултати од реализацијата на програмата се однесуваат на главните партиципиенти и заинтересирани за училишен напредок на децата - родители, училиште и ученици.

- **За родителите!**

а) Когнитивни – стекнување на знаења и нови увиди во процесот на разбирање на себеси и своето семејство. Редефинирање на постојното знаење и реконструирање на личното искуство.

б) Афективни – изградување на поголема чувствителност и отвореност за личниот и семејниот напредок. Постигнување на лично задоволство заради ефектуирање на родителската вклученост и резултатите од истата. Градење доверба кон училиштето и развивање на чувство за припадност на заедницата „семејство –училиште“.

в) Интерактивни – градење на нови релации со другите (училишниот персонал и учениците), промени во индивидуалното однесување и усвојување на нови модели на родителско – детски односи, како и родителско – училишни односи.

- **За училиштето!**

а) Когнитивни – стекнување на знаења и нови увиди во процесот на разбирање на семејното функционирање и влијание врз детското однесување. Редефинирање на постојното знаење и реконструирање на личното искуство поврзано со соработката со семејството.

б) Афективни – потврдување и промовирање на сопствениот авторитет пред семејството и локалната средина. Постигнување на лично задоволство заради ефектуирање на родителската вклученост и резултатите од истата, градење доверба кон семејството – неговата воспитно – образовна моќ.

в) Интерактивни – градење на нови релации со другите (родители, ученици, училишен персонал). Промени во индивидуалното однесување и практикување на нови модели на родителско – училишни односи.

*Организациони форми на работа*

Од методолошки аспект оваа програма има развојно-превентивен карактер и е наменета за „здрави“ семејства.

Се препорачува програмата да се реализира низ работилници, затоа што оваа форма обезбедува повеќенасочен активен и интерактивен пристап. Не

| УЧИЛИШНО - РОДИТЕЛСКА СОРАБОТКА | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Правилата и прописите на училишниот живот – родителски права и одговорности | 4. | Како да го детектираме стилот на учење на нашите деца |
| 2. | Што децата изучуваат во училиштето | 5. | Како да ги мотивираме децата за училишна успешност |
| 3. | Како родителите да комуницираат со училиштето и останатиот училишен персонал | 6. | Зошто, како и кога да се вклучиме во училишните активности |

- **Литература користена при креирањето на содржините предвидени со програмските циклуси**


*Ashner, M., Meyerson, M., When Parents Love too Much, преведено - Liljana Eneva, Nauka i izkustvo, Sofija, 2000

*Gordon, Tomas, Umeće roditeljstva - kako podizati odgovornu decu, Kreativni centar, Beograd, 1997

*McKay, Matthew, When Anger Hurts Your Kids: A Parents Guide, San Francisco, New Harbinger, 1996

*Milenković, N., Kako da najlakše upropastite rođeno dete: Uvrnuti prirucnik za pametne roditelje, Kreativni centar, Beograd,1998

*Mitrović, M., Mama i tata polaze u školu, Kreativni centar, Beograd, 2000

*Plut, D., Marinković, Q., Konflikti i šta sa njima, Kreativni centar, Beograd, 2000

*Петровска, Соња, Воспитниот статус на македонското семејство и училишната успешност на децата, Необјавен докторски труд, Филозофски факултет, Институт за педагогија, Скопје, 2005

*Reardon, K., Interpersonalna komunikacija: Gdje se misli susreču, Alinea, Zagreb, 1998

*Swanson, L., What the Research Says about Punishment, http:www. extension.umn.edu/distribution/familydevelopment/components/6961_01.html

*Johnson, Barbara, B., Family - School Relationships, Concepts and Premises, http://clerccenter.gallaudet.edu/Products/Sharing-Ideas/family-school/family-school.h...

# СОДРЖИНА

**Проф. д-р Блаже Китанов**
ПОВТОРНО ВОСКРЕСНУВАЊЕ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ........................5
**Проф. д-р Блаже Китанов, проф. д-р Марија Ташева**
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ШТИП - РЕАЛНОСТ И ПОТРЕБА....................9
**Доц. д-р Виолета Николовска**
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ЧЕТИРИЈАЗИЧНИКОТ.................17
НА ЃОРЃИ ПУЛЕВСКИ
**Проф. д-р Владимир Михајловски**
ПЕДАГОШКОТО ВОДСТВО ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ...23
УСТАНОВИ
**Проф. д-р Душан Тодоровски, Ненад Тодоровски**
КОРЕЛАЦИЈА НА НАСОЧЕНИТЕ ТЕЛЕСНИ АКТИВНОСТИ
СО ОСТАНАТИТЕ ВОСПИТНИ АКТИВНОСТИ ВО
ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ..........................................35
**Доц. д-р Соња Петровска**
ОРИЕНТАЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ПЕДАГОШКО
ОБРАЗОВАНИЕНА РОДИТЕЛИТЕ...................................................41
**Асс м-р Снежана Јованова-Митковска**
ВИДОВИ ПЕДАГОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ....................................49
**Лидија Горачинова-Илиева**
НОРМИ НА ОЦЕНУВАЊЕ ВО
НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА ...................................................55
**Кирил БАРБАРЕЕВ**
ВАЛДОРФ - ПЕДАГОГИЈА ..............................................................59
**Доц. д-р Снежана Мирасчиева**
КОМУНИКАЦИЈАТА ВО УЧИЛНИЦАТА ......................................65
**М-р Миленко Стојниќ**
УЧИЛИШНАТА ТЕТРАТКА – „ОГЛЕДАЛО“ НА
ПРЕДМЕТНИОТ ПРОФЕСОР..........................................................75
**Даринка Веселинова**
МЕТОДИ ЗА ПОЈАСНУВАЊЕ НА ВОКАБУЛАРОТ ВО
НАСТАВАТА ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК..........................................85
**Проф. д-р Војо Марјановиќ**
ПОВЕЌЕ ОД ДИЈАМАНТИ ...............................................................91
**Доц. д-р Ленче Милошева**
ИЗВЕШТАЈ ОД СТУДИСКИОТ ПРЕСТОЈ ВО САД..........................93